# СЛУЖБЕН ВЕСНИК

## на Република Северна Македонија

**Број 120** **2 јуни 2021, среда** **година LXXVII**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**С О Д Р Ж И Н А**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1892. | **Одлука** за избор на член на Државниот совет за превенција на детско престапништво | 2 |
| 1893. | **Одлука** за именување на неизвршени членови на Советот на Народната банка на Република Северна Македонија | 2 |
| 1894. | **Одлука** за давање на согласност на Предлогот на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2021 година | 3 |
| 1895. | **Одлука** за давање на согласност на Предлогот на Годишниот финансиски план на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2021 година | 3 |
| 1896. | **Указ** број 2 од Претседателот на Република Северна Македонија | 4 |
| 1897. | **Указ** број 3 од Претседателот на Република Северна Македонија | 4 |
| 1898. | **Указ** број 4 од Претседателот на Република Северна Македонија | 4 |
| 1899. | **Указ** број 5 од Претседателот на Република Северна Македонија | 5 |
| 1900. | **Указ** број 6 од Претседателот на Република Северна Македонија | 5 |
| 1901. | **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Берово | 5 |
| 1902. | **Одлука** за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на комплекс „Старо школо“ со намена В3-култура во с.Градец КО Градец, Општина Крива Паланка | 6 |
| 1903. | **Решение** за престанок на должноста извршител | 6 |
| 1904. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија | 6 |
| 1905. | **Решение** за обновување на дозвола за работење на брокер | 7 |
| 1906. | **Правилник** за формата, содржината и начинот на водење на Регистар на овластени правни лица за вршење услуги со хартии од вредност и нивните експозитури, Регистар на друштва за инвестиционо советување, Регистар на брокери и Регистар на инвестициони советници | 7 |
| | **Огласен дел** | **1-96** |

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1892.**

Врз основа на членот 154 став (3) алинеја 1 од Законот за правда за децата („Службен весник на Република Македонија“ број 148/13 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 152/19 и 275/19), Собранието на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 1 јуни 2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИЗБОР НА ЧЛЕН НА ДРЖАВНИОТ СОВЕТ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА ДЕТСКО ПРЕСТАПНИШТВО**

I. За член на Државниот совет за превенција на детско престапништво се избира

- Милка Масникоса.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08 – 2635/1
1 јуни 2021 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

---

Në bazë të nenit 154 paragrafi (3) nënparagrafi 1 të Ligjit të Drejtësisë për Fëmijë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 148/13 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" numër 152/19 dhe 275/19), Kuvendi i Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 1 qershor 2021 viti, miratoi

**V E N D I M**
**PËR ZGJEDHJE TË ANËTARIT TË KËSHILLIT SHTETËROR TË PARANDALIMIT TË KUNDËRVAJTJES SË FËMIJËVE**

I. Anëtar i Këshillit Shtetëror të Parandalimit të Kundërvajtjes së Fëmijëve zgjidhet

- Millka Masnikosa.

II. Ky vendim hyn në fuqi ditën e miratimit, ndërkaq do të botohet në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut“.

KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

Nr. 08 – 2635/1
1 qershor 2020
Shkup

Kryetari i Kuvendit të
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Mr. **Talat Xhaferi,** d.v.

**1893.**

Врз основа на членот 49 став (4) од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18), Собранието на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 1 јуни 2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА НЕИЗВРШЕНИ ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ НА НАРОДНАТА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

I. За неизвршени членови на Советот на Народната банка на Република Северна Македонија со мандат од седум години се именуваат:

- Борче Треновски, доктор по економски науки од Скопје,
- Никола Поповски, доктор по економски науки од Скопје и
- Марјан Петрески, доктор по економски науки од Прилеп.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08 – 2636/1
1 јуни 2021 година
Скопје

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

---

Në bazë të nenit 49 paragrafi (4) të Ligjit të Bankës Popullore të Republikës së Maqedonisë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 dhe 83/18), Kuvendi i Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 1 qershor 2021, miratoi

**V E N D I M**
**PËR ZGJEDHJE TË ANËTARËVE JOEKZEKUTIVË TË KËSHILLIT TË BANKËS POPULLORE TË REPUBLIKËS TË MAQEDONISË SË VERIUT**

I. Anëtarë joekzekutivë të Këshillit të Bankës Popullore të Republikës së Maqedonisë së Veriut me mandat prej shtatë vjetësh emërohen:

- Borçe Trenovski nga Shkupi, doktor i shkencave ekonomike,
- Nikolla Popovski nga Shkupi, doktor i shkencave ekonomike dhe
- Marjan Petreski nga Prilepi, doktor i shkencave ekonomike.

II. Ky vendim hyn në fuqi ditën e miratimit, ndërkaq do të botohet në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

| | |
|---|---|
| Nr. 08 – 2636/1 | Kryetari i Kuvendit të |
| 1 qershor 2021 | Republikës së Maqedonisë së Veriut |
| Shkup | Mr. **Talat Xhaferi,** d.v. |

**1894.**

Врз основа на членот 13 од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија" број 14/2006, 24/2007, 103/2008, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 220/19), Собранието на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 1 јуни 2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ НА ПРЕДЛОГОТ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА И РАЗВОЈ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО ЗА 2021 ГОДИНА**

I. Собранието на Република Северна Македонија дава согласност на Предлогот на Годишната програма за работа и развој на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2021 година.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

| | |
|---|---|
| Бр. 08 – 2667/1 | Претседател на Собранието |
| 1 јуни 2021 година | на Република Северна |
| Скопје | Македонија, |
| | м-р **Talat Xhaferi,** с.р. |

Në bazë të nenit 13 të Ligjit të Aviacionit ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 14/2006, 24/2007, 103/2008, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16 dhe 64/2018 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" numër 220/19), Kuvendi i Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 1 qershor 2021, miratoi

**V E N D I M**
**PËR DHËNIE PËLQIMI PROPOZIMPROGRAMIT VJETOR TË PUNËS DHE TË ZHVILLIMIT TË AGJENCISË SË AVIACIONIT CIVIL PËR VITIN 2021**

I. Kuvendi i Republikës së Maqedonisë së Veriut i jep pëlqim Propozimprogramit vjetor të punës dhe të zhvillimit të Agjencisë së Aviacionit Civil për vitin 2021.

II. Ky vendim hyn në fuqi ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

| | |
|---|---|
| Nr. 08 – 2667/1 | Kryetari i Kuvendit të |
| 1 qershor 2021 | Republikës së Maqedonisë së Veriut |
| Shkup | Mr. **Talat Xhaferi,** d.v. |

**1895.**

Врз основа на членот 13 од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија" број 14/2006, 24/2007, 103/2008, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 220/19), Собранието на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 1 јуни 2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ НА ПРЕДЛОГОТ НА ГОДИШНИОТ ФИНАНСИСКИ ПЛАН НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО ЗА 2021 ГОДИНА**

I. Собранието на Република Северна Македонија дава согласност на Предлогот на Годишниот финансиски план на Агенцијата за цивилно воздухопловство за 2021 година.

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

| | |
|---|---|
| Бр. 08 – 2668/1 | Претседател на Собранието |
| 1 јуни 2021 година | на Република Северна |
| Скопје | Македонија, |
| | м-р **Talat Xhaferi,** с.р. |

Në bazë të nenit 13 të Ligjit të Aviacionit ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 14/2006, 24/2007, 103/2008, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16 dhe 64/2018 dhe "Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" numër 220/19), Kuvendi i Republikës së Maqedonisë së Veriut, në seancën e mbajtur më 1 qershor 2021, miratoi

**V E N D I M**
**PËR DHËNIE PËLQIMI PROPOZIMPLANIT FINANCIAR VJETOR TË AGJENCISË SË AVIACIONIT CIVIL PËR VITIN 2021**

I.Kuvendi i Republikës së Maqedonisë së Veriut i jep pëlqim Propozimplanit financiar vjetor të Agjencisë së Aviacionit Civil për vitin 2021.

II. Ky vendim hyn në fuqi ditën e botimit në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut“.

KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

| | |
|---|---|
| Nr. 08 – 2668/1 | Kryetari i Kuvendit të |
| 1 qershor 2021 | Republikës së Maqedonisë së Veriut |
| Shkup | Mr. **Talat Xhaferi,** d.v. |

## ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1896.**

**Указ бр. 2**

Од 2 јуни 2021 година

Врз основа на член 18, став 1, точка 11 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија” бр. 42/2001, 5/2003, 58/2006, 110/2008, 51/2011, 151/2011, 215/2015 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 42/2020), и член 74 и член 75 од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 36/2010, 23/2011, 47/2011, 148/2011, 55/2012, 29/2014, 33/2015, 193/2015, 71/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 101/2019, 275/2019 и 14/2020)

СЕ РАЗРЕШУВА

генерал-мајор ПАВЛЕ Јове АРСОСКИ

КОМАНДАНТ НА КОМАНДА ЗА ОПЕРАЦИИ „А“, ВО ГЕНЕРАЛШТАБ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА „А“

ФЧ: генерал-мајор, по формација генерал-мајор – генерал-потполковник

лична ВЕС: 31040

Овој Указ да се изврши веднаш.

| | |
|---|---|
| Бр. 06-672/3 | Претседател на Република |
| 2 јуни 2021 година | Северна Македонија, |
| Скопје | **Стево Пендаровски,** с.р. |

---

**1897.**

**Указ бр. 3**

Од 2 јуни 2021 година

Врз основа на член 18, став 1, точка 11 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија” бр. 42/2001, 5/2003, 58/2006, 110/2008, 51/2011, 151/2011, 215/2015 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 42/2020), и член 74 и член 75 од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 36/2010, 23/2011, 47/2011, 148/2011, 55/2012, 29/2014, 33/2015, 193/2015, 71/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 101/2019, 275/2019 и 14/2020)

СЕ ПОСТАВУВА

генерал-мајор ПАВЛЕ Јове АРСОСКИ

СОВЕТНИК НА НГШ НА АРМИЈАТА ЗА Б/Г И ОПЕРАЦИИ, ВО ГЕНЕРАЛШТАБ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА „А“

ФЧ: генерал-мајор, по формација генерал-мајор - генерал-потполковник

лична ВЕС: 31040

до сега: КОМАНДАНТ НА КОМАНДА ЗА ОПЕРАЦИИ „А“, ВО ГЕНЕРАЛШТАБ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА „А“

Овој Указ да се изврши веднаш.

| | |
|---|---|
| Бр. 06-673/3 | Претседател на Република |
| 2 јуни 2021 година | Северна Македонија, |
| Скопје | **Стево Пендаровски,** с.р. |

---

**1898.**

**Указ бр.4**

Од 2 јуни 2021 година

Врз основа на член 18, став 1, точка 11 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија” бр. 42/2001, 5/2003, 58/2006, 110/2008, 51/2011, 151/2011, 215/2015 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/2020), и член 74 и член 75 од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 36/2010, 23/2011, 47/2011, 148/2011, 55/2012, 29/2014, 33/2015, 193/2015, 71/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019, 275/2019 и 14/2020)

СЕ РАЗРЕШУВА

бригаден генерал БЕСНИК Сабедин ЕМИНИ

КОМАНДАНТ ВО КОМАНДА И ШТАБ НА 1. ПЕШАДИСКА БРИГАДА, ВО 1. ПЕШАДИСКА БРИГАДА „А“, ВО КОМАНДА ЗА ОПЕРАЦИИ „А“, ВО ГЕНЕРАЛШТАБ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА „А“

ФЧ: бригаден генерал, по формација бригаден генерал

лична ВЕС: 31040

Овој Указ да се изврши веднаш.

| | |
|---|---|
| Бр. 06-674/3 | Претседател на Република |
| 2 јуни 2021 година | Северна Македонија, |
| Скопје | **Стево Пендаровски,** с.р. |

**1899.**
**Указ бр.5**
Од 2 јуни 2021 година

Врз основа на член 18, став 1, точка 11 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија” бр. 42/2001, 5/2003, 58/2006, 110/2008, 51/2011, 151/2011, 215/2015 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 42/2020), и член 74 и член 75 од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 36/2010, 23/2011, 47/2011, 148/2011, 55/2012, 29/2014, 33/2015, 193/2015, 71/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 101/2019, 275/2019 и 14/2020)

СЕ ПОСТАВУВА

бригаден генерал БЕСНИК Сабедин ЕМИНИ

ЗА КОМАНДАНТ НА КОМАНДА ЗА ОПЕРАЦИИ „А“, ВО ГЕНЕРАЛШТАБ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА „А“

ФЧ: бригаден генерал, по формација генерал–мајор – генерал-потполковник

лична ВЕС: 31040

до сега: КОМАНДАНТ ВО КОМАНДА И ШТАБ НА 1. ПЕШАДИСКА БРИГАДА, ВО 1. ПЕШАДИСКА БРИГАДА „А“, ВО КОМАНДА ЗА ОПЕРАЦИИ „А“, ВО ГЕНЕРАЛШТАБ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА „А“

Овој Указ да се изврши веднаш.

Бр. 06-675/3
2 јуни 2021 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

---

**1900.**
**Указ бр. 6**
Од 2 јуни 2021 година

Врз основа на член 18, став 1, точка 11 од Законот за одбрана („Службен весник на Република Македонија” бр. 42/2001, 5/2003, 58/2006, 110/2008, 51/2011, 151/2011, 215/2015 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 42/2020), и член 74 и член 75 од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/2010, 23/2011, 47/2011, 148/2011, 55/2012, 29/2014, 33/2015, 193/2015, 71/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019, 275/2019 и 14/2020)

СЕ ПОСТАВУВА

полковник САШКО Петар ЛАФЧИСКИ

ЗА КОМАНДАНТ ВО КОМАНДА И ШТАБ НА 1. ПЕШАДИСКА БРИГАДА, ВО 1. ПЕШАДИСКА БРИГАДА „А“, ВО КОМАНДА ЗА ОПЕРАЦИИ „А“, ВО ГЕНЕРАЛШТАБ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА „А“

ФЧ: полковник, по формација бригаден генерал

лична ВЕС: 31040

до сега: НАЧАЛНИК НА ОДДЕЛЕНИЕ, ВО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА СПЕЦИЈАЛНИ ОПЕРАЦИИ, ВО ГЕНЕРАЛШТАБ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА „А“

Овој Указ да се изврши веднаш.

Бр. 06-676/3
2 јуни 2021 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1901.**
Врз основа на член 44 став (4) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19 и 275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 25 мај 2021 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ОПШТИНА БЕРОВО

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Дирекцијата за заштита и спасување му престанува користењето на движните ствари и тоа:

| Реден број | Назив на движните ствари | Количина | Номенклатурен број |
|---|---|---|---|
| 1. | Апарат ПП С-6 | 12 | 7730-6923-0007-1 |
| 2. | Гребло ПП | 5 | 7730-0000-0200-2 |
| 3. | Напртњача ПП ЛЛ 25 | 10 | 7730-0000-0077-7 |
| 4. | Секира ПП | 3 | 7710-1026-7639-5 |
| 5. | Копач | 4 | 7093-0000-0006-6 |
| 6. | Гребло | 6 | 5630-1138-9410-4 |
| 7. | Пумпа потопна за вода 2080 x 5009 | 4 | 5810-0000-0103-9 |

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука, се даваат на трајно користење без надомест на општина Берово.

Член 3

Директорот на Дирекцијата за заштита и спасување склучува договор со градоначалникот на општина Берово, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-5353/1
25 мај 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

---

**1902.**

Врз основа на член 49-а став 3 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19), а во врска со член 93 став 1 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 25 мај 2021 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ ЗА ТРАЈНА ПРЕНАМЕНА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ВО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ИЗРАБОТКА НА ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА НА КОМПЛЕКС „СТАРО ШКОЛО“ СО НАМЕНА В3-КУЛТУРА ВО С. ГРАДЕЦ КО ГРАДЕЦ, ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на комплекс „Старо школо“ со намена В3-култура во с.Градец КО Градец, општина Крива Паланка.

Член 2

Земјоделското земјиште за кое се дава согласност за трајна пренамена, со вкупна површина од 9526 м2, ги има следните катастарски индикации:

| Катастарска парцела бр. | Катастарска општина | Викано место | Катастарска култура | Катастарска класа |
|---|---|---|---|---|
| 1388-дел | Градец | Росовац | пасиште | 5 |
| 3302-дел | Градец | Рид | овоштарник | 5 |
| Вкупна површина на земјиштето во планскиот опфат: | | | | 11643 м$^2$ |

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 40-5784/1
25 мај 2021 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Зоран Заев,** с.р.

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

**1903.**

Врз основа на член 71 став (1) точка в) и став (2) и член 72 од Законот за извршување (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.72/16, 142/16, 233/18 и 14/20), Министерството за правда донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ПРЕСТАНОК НА ДОЛЖНОСТА ИЗВРШИТЕЛ**

На извршителот Магдалена Симовска Давидовиќ од Скопје, именувана за подрачјето на Основниот кривичен суд Скопје и Основниот граѓански суд Скопје и престанува должноста извршител по нејзино барање.

Решението влегува во сила на 1.6.2021 година.

О б р а з л о ж е н и е

Со Решение на Министерот за правда бр.09-3257/1 од 24.8.2012 година, лицето Магдалена Симовска Давидовиќ од Скопје е именувана за извршител за подрачјето на Основниот кривичен суд Скопје и Основниот граѓански суд Скопје.

Извршителот Магдалена Симовска Давидовиќ од Скопје на ден 2.4.2021 година поднесе барање до Министерството за правда заведено под УП1.бр.09-981/1 од 2.4.2021 година, за престанок на должноста извршител, со кое бара да биде ослободена од вршење на должноста извршител, заклучно со 1.6.2021 година.

Согласно наведеното, а врз основа на член 71 став (1) точка в) и став (2) и член 72 од Законот за извршување, Министерството за правда одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Правна поука: Против ова решение може да се поведе управен спор пред Управен суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

УП1 бр. 09-981/2
19 април 2021 година
Скопје

Министер за правда,
м-р **Бојан Маричиќ**, с.р.

# КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**1904.**

Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, врз основа на член 17 став 3 од Законот за инвестициски фондови („Службен весник на РМ” бр. 12/2009 бр. 67/2010, бр. 24/2011, бр. 188/2013, бр. 145/2015, бр. 23/2016 и „Службен весник на РСМ“) бр. 31/2020), постапувајќи по барањето на Друштвото за управување со инвестициски фондови „ВФП Фонд Менаџмент” АД Скопје, од 27.4.2021 година, на седницата одржана на ден 27.5.2021 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ на Одлуката за измени и дополнувањата на Статутот на Друштвото за управување со инвестициски фондови „ВФП Фонд Менаџмент" АД Скопје, број 0201-10 од 20.4.2021 година .

2. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. УП1 08-41
27 мај 2021 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.

---

Komisioni i Letrave me Vlerë i Republikës së Maqedonisë së Veriut në bazë të nenit 17 paragrafi 3 të Ligjit të Fondeve Investuese ("Gazeta Zyrtare e RM-së" nr. 12/2009 nr. 67/2010, nr. 24/2011, nr. 188/2013, nr. 145/2015, nr. 23/2016 dhe "Gazeta Zyrtare e RMV-së") nr. 31/2020), duke vepruar ndaj kërkesës së Shoqërisë Adminustruese me Fonde Investimi "VFP Fond Menaxhment" SHA, Shkup, datë 27.4.2021, në seancën e mbajtur më datë 27.5.2021, miratoi

**A K T V E N D I M**

1. I JEPET PËLQIMI vendimit për ndryshime dhe plotësime të Statutit të Shoqërisë Adminustruese me fonde investimi VFP Fond Menaxhment SHA Shkup, numër 0201-10, datë 20.4.2021.

2. Ky aktvendim do të botohet në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

Nr. PA1 08-41
27.5.2021
Shkup

Komisioni i Letrave me Vlerë i
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Kryetare,
Mr. Sc. **Nora Aliti,** d.v.

---

**1905.**

Врз основа на член 114 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ" бр.95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и „Службен весник на РСМ" бр. 31/2020), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија, постапувајќи по барањето бр.УП1 08-64 од 12.5.2021 година, на Седницата одржана на ден 27.5.2021 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ОБНОВУВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА РАБОТЕЊЕ НА БРОКЕР**

1. Се обновува дозволата за работење на брокер, на лицето Емилија Брљамова од Скопје, издадена со Решение бр.УП1 08-71 од 17.8.2016 година, од Комисијата за хартии од вредност.

2. Дозволата за работење на брокер, на лицето Емилија Брљамова, се обновува за период од 5 (пет) години од денот на донесување на ова решение.

3. Дозволата за работење на брокер, на лицето Емилија Брљамова, престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова решение во случаите предвидени со Закон.

4. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. УП1 08-64
27 мај 2021 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Северна Македонија
Претседател,
м-р **Нора Алити,** с.р.

---

Në bazë të nenit 114 të Ligjit të Letrave me Vlerë ("Gazeta Zyrtare e RM-së nr.95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 dhe "Gazeta Zyrtare e RMV-së" nr. 31/2020), Komisioni i Letrave me Vlerë i Republikës së Maqedonisë së Veriut, duke vepruar ndaj kërkesës nr. PA1 08-64, datë 12.5.2021, në seancën e mbajtur më datë 27.5.2021 e miratoi këtë

**A K T V E N D I M**
**PËR RIPËRTRIRJEN E LEJES PËR PUNË TË BROKERIT**

1. Ripërtrihet leja për punë e brokerit, personit Emilija Bërljamova nga Shkupi, e lëshuar me Aktvendim nr. PA1 08-71, datë 17.8.2016 nga Komisioni i Letrave me Vlerë .

2. Leja për punë e brokerit, personit Emilija Bërljamova, i ripërtrihet për një periudhë prej 5 (pesë) vitesh, nga dita e sjelljes së këtij aktvendimi.

3. Leja për punë e brokerit, personit Emilija Bërljamova, pushon me vlefshmëri edhe përpara skadimit të afatit të përcaktuar në nenin 2 të këtij aktvendimi në rastet e parapara me ligj.

4. Ky aktvendim do të botohet në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut".

Nr. PA1 08-64
27.5.2021
Shkup

Komisioni i Letrave me Vlerë i
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Kryetare,
Mr. Sc. **Nora Aliti,** d.v.

---

**1906.**

Врз основа на член 190 и член 107 став 5, член 113 став 7, член 148 став 8 и член 151 од Законот за хартии од вредност (Службен весник на Република Македонија бр.95/2005, 25/2007, 07/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014, 15/2015, 154/2015, 192/2015, 23/2016, 83/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.31/2020), Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија на седницата одржана на ден 27.5.2021 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАР НА ОВЛАСТЕНИ ПРАВНИ ЛИЦА ЗА ВРШЕЊЕ УСЛУГИ СО ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ И НИВНИТЕ ЕКСПОЗИТУРИ, РЕГИСТАР НА ДРУШТВА ЗА ИНВЕСТИЦИОНО СОВЕТУВАЊЕ, РЕГИСТАР НА БРОКЕРИ И РЕГИСТАР НА ИНВЕСТИЦИОНИ СОВЕТНИЦИ**

**Предмет на уредување**

Член 1

Со овој Правилник се уредува формата, содржината и начинот на водење на Регистар на овластени правни лица кои вршат услуги со хартии од вредност и нивните експозитури, Регистар на друштва за инвестиционо

советување, Регистар на брокери и Регистар на инвестициони советници кои ги води Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Комисијата).

**1. Регистар на овластени правни лица кои вршат услуги со хартии од вредност и нивните експозитури**

Член 2

Во Регистарот на овластени правни лица кои вршат услуги со хартии од вредност и нивните експозитури (во понатамошниот текст: ОПЛ) кој го води Комисијата се запишуваат:

- брокерски куќи со дозвола за работење добиена од Комисијата;
- овластени банки согласно Законот за банките, со дозвола за работење добиена од Комисијата;
- подружници на странски брокерски куќи кои имаат добиено дозвола за работење од Комисијата и
- експозитури на правните лица наведени во алинеите 1, 2 и 3 од овој член.

Член 3

Во Регистарот на ОПЛ се запишуваат следните податоци:

- полн назив на ОПЛ;
- скратен назив на ОПЛ;
- промена на назив на ОПЛ;
- седиште, адреса, контакт телефон, електронска пошта, интернет страница на ОПЛ (и промената);
- матичен број (ЕМБ) и ЕДБ на ОПЛ;
- леи број на ОПЛ (доколку има);
- висина на основна главнина;
- услуги за кои тоа ОПЛ има добиено дозвола да ги врши;
- шифра на дејност според номенклатурата на Државниот завод за статистика;
- датум на запишување во Регистарот (вклучително и повторното запишување) и датум на бришење од Регистарот на ОПЛ (вклучително и повторното бришење) и
- други податоци по оценка на Комисијата во врска со работењето на овластените правни лица (податоци за органите на управување на друштвото, директорите и лицата со посебни овластувања, овластени брокери, овластени инвестициони советници во тоа ОПЛ, тарифник, број и датум на решение за основање и негови измени и сл).

Член 4

Податоците од член 3 од овој Правилник се прикажуваат согласно прилогот број 1, кој е составен дел на овој Правилник.

**2. Регистар на друштва за инвестиционо советување**

Член 5

Во Регистарот на друштва за инвестиционо советување кој го води Комисијата се запишуваат друштвата кои имаат добиено дозвола за работење од Комисијата.

Член 6

Во Регистарот на друштва за инвестиционо советување се запишуваат следните податоци:

